**ЈП "МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ"-СКОПЈЕ**
**Број: 02-1086/1**
**5.8.2002 година**
**Скопје**

Врз основа на член 30 од Статутот на ЈП "Македонски железници"-Скопје и Извештајот од Министерството за финансии и Управата за јавни приходи Регионална Дирекција Скопје број 14-8/611 од 12.7.2002 година за извршена контрола на исправноста и законитоста во спроведување во постапката на трансформација на општествениот капитал кај претпријатието за Меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта "Фершпед" АД-Скопје, Управниот одбор на ЈП "Македонски железници"-Скопје на вонредната седница одржана на ден 5.8.2002 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

I. Стручните служби на ЈП "Македонски железници"-Скопје (правни служби и други) со помош на стручните субјекти вон ЈП "Македонски железници"-Скопје, се задолжуваат веднаш да ги преземат следните мерки и дејствија:

1. До Владата на Република Македонија и до Комисијата за приватизација при Владата на Република Македонија да се поднесат барања за обнова на постапката за поништување на Решението за приватизација на "Фершпед" АД-Скопје.

2. Да се покрене постапка (тужба) за утврдување на сопственоста на акциите на МЖ во "Фершпед" АД-Скопје.

3. Да се покрене постапка пред Јавниот обвинител и Јавниот правобранител за поништување на Договорот за купопродажба на "Фершпед" АД-Скопје од страна на менаџерите.

4. Да се поднесе тужба пред надлежниот суд за поништување на приватизацијата на "Фершпед" АД - Скопје преку поништување на одлуките за:

а) организирање на "Фершпед" АД-Скопје
б) издавање на интерни акции
в) доприватизација
г) претворање на интерни акции во обични акции.

5. Поднесување тужба за поништување на стекнување на акции на 16 менаџери од "Фершпед" АД-Скопје.

6. Барање до Комисијата за хартии од вредност и до Централниот депозитор за бришење на неосновано стекнати акции на 16 менаџери од "Фершпед" АД - Скопје.

7. Преземање на сите други потребни законски мерки до сите надлежни органи и институции.

II. Се задолжува претседателот на Управниот одбор да ја спроведе оваа Одлука.

III. Одлуката стапува во сила од денот на донесувањето.

IV. Одлуката да се достави на знаење и на извршување до надлежните служби и други субјекти.

**Претседателот на Управен одбор,**
**Симеон Бундаловски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Влада на Република Македонија;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за финансии;
- Јавен обвинител на Република Македонија;
- Јавен правобранител на Република Македонија;
- Комисија за приватизација при Владата на Република Македонија;
- Комисија за хартии од вредност на Република Македонија;
- Централен депозитор на Република Македонија.